Неофицијален пречистен текст

Врз основа на член 158-s точка 1) а во врска со член 151 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

П Р А В И Л Н И К
за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите

Општи одредби
Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките кои добиле дозвола за вршење работи на застапување во осигурување (во понатамошниот текст: банки) се должни да ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) согласно членот 151 и членот 150-а став (3) од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот) и крајните рокови и начини на поднесување на истите до Агенцијата.

Обврски за известување
Член 2

(1) Друштвата за застапување во осигурување се должни да ја известуваат Агенцијата за:
1. Промена на податоците внесени во трговскиот регистар;
2. Структурата и обемот на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување;
3. Исполнување на обврските од член 134-е став (3) од Законот;
4. Исполнување на обврските од член 134-е став (4) и (7) од Законот;
5. Исполнување на обврските од член 134-е став (8) од Законот и
6. Годишни Финансиски извештаи, согласно Законот за трговски друштва.

(2) Банките се должни да ја известуваат Агенцијата за:
1. Структурата и обемот на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување;
2. Исполнување на обврските од член 134-е став (4) и (7) од Законот и
3. Исполнување на обврските од член 134-е став (8) од Законот.

(3) Осигурително брокерските друштва се должни да ја известуваат Агенцијата за:
1. Промена на податоците внесени во трговскиот регистар;
2. Структурата и обемот на осигурително брокерските работи по одделни друштва за осигурување;

3. Правни и економски односи од членот 141 став (2) од Законот;
4. Исполнување на обврските од член 146 став (2) точка 11) од Законот;
5. Исполнување на обврските од член 148 став (4) од Законот;
6. Годишни финансиски извештаи, согласно Законот за трговски друштва ;
7. Исполнување на обврските од член 150 став (1) и (3) од Законот и
8. Број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување.

Известување за промена на податоците внесени во трговскиот регистар
Член 3

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 1) и став (3) точка 1) од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да ја достават пријавата за упис во трговскиот регистар и потребните прилози (исправи и докази), во коишто се содржани податоците што се запишуваат во трговскиот регистар, истовремено со нивно поднесување во трговскиот регистар, а Решението за упис на промените во трговскиот регистар во рок од пет работни дена од денот на прием на решението.

Известување за структурата и обемот на работите на застапување во осигурување, односно осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување
Член 4

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 2) и став (2) точка 1) од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и банките се должни до Агенцијата да достават податоци за структурата и обемот на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот - ОД31, кој е даден во Прилог 1 со назив Статистички податоци за друштвата за застапување во осигурување кој е составен дел на овој правилник.

(2) Во однос на член 2 став (3) точка 2 од овој правилник, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават податоци за структурата и обемот на осигурително брокерските работи по одделни друштва за осигурување согласно формата и содржината на податоците пропишана со обрасците ОБД1 и ОБД2 кои се дадени во Прилог 2 со назив Статистички податоци за осигурително брокерските друштва кои се составен дел на овој правилник.

(3) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни да ги составуваат обрасците ОД31, ОБД1 и ОБД2 наведени во ставовите (1) и (2) од овој член согласно Упатството за пополнување на обрасците кое е дадено во Прилог 3 од овој правилник и е негов составен дел.

(4) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетите обрасци од ставовите (1) и (2) од овој член да ги составуваат на квартална кумулативна основа и тоа со следната состојба:

I квартал 01.01 - 31.03
II квартал 01.01 - 30.06

III квартал 01.01 - 30.09
IV квартал 01.01 - 31.12

(5) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетите обрасци да ги доставуваат до Агенцијата во рок од 30 дена од истекот на последниот ден од пресметковниот период за кој се изготвуваат истите.

(6) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни извештаите од ставовите (1) и (2) од овој член да ги доставуваат до Агенцијата во наведените рокови во електронска форма на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Известување за исполнување на обврските од членовите 134-е став (3) и член 146 став (2) точка 11) од Законот
Член 5

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 3) и став (3) точка 4) од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва се должни Агенцијата да ја известат за:

1. Промени во сопственичката структура на друштвото со доставување на Извод од акционерската книга на друштвото, во рок од 5 дена од денот на евидентирање на промената во Централниот депозитар за хартии од вредност;

2. Вложувања во купување на акции и удели на други трговски друштва со кои друштвото стекнува најмалку 10% од акциите, односно уделите во друштвото, со доставување на Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во рок од 5 дена од денот на евидентирање на вложувањето во депозитарот;

3. Именување и разрешување на членови на органот на управување на друштвото со доставување на Одлука за именување, односно разрешување, донесена од надлежен орган на друштвото и податоци за именуваното лице, во рок од 5 дена од денот на донесување на одлуката;

4. Постоење на какви било други правни и економски односи со друштва за осигурување или други друштва, со доставување на писмено известување за наведените односи, склученио договор или друга поткрепувачка документација, во рок од 5 дена од денот на настанување на односот.

Известување за исполнување на обврските од членовите 134-е став (4) и (7) и член 150 став (1) и (2) од Законот
Член 6

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 4), став (2) точка 3) и став (3) точка 7) од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување, банките и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставаат договор за осигурување од професионална одговорност склучен со друштво за осигурување во рок од 15 дена од денот на склучување, односно обновување на договорот.

(2) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни Агенцијата да ја известат и за евентуално раскинување на договорот од став 1 на овој член, како и за негово какво било изменување и/или дополнување.

(3) Во однос на друштвата за застапување во осигурување и банките, договорот од став (1) на овој член не смее да биде склучен со друштвото за осигурување со кое друштвото за застапување во осигурување склучило договор за вршење работи на застапување во осигурување.

Исполнување на обврските од член 134-е став (8) и член 148 став (4) од Законот
Член 7

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 5) од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување се должни до Агенцијата да доставаат податоци за лицата кои имаат лиценца за застапник во осигурување и кои се вработени во редовен работен однос во друштвото за застапување во осигурување или имаат склучено договор за застапување во осигурување со друштвото за застапување во осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишана во образецот ОД32 кој е даден во Прилог 1 од овој правилник и е негов составен дел.

(2) Во однос на член 2 став (2) точка 3) од овој правилник, банките се должни до Агенцијата да доставаат податоци за лицата кои имаат лиценца за застапник во осигурување и кои се вработени во редовен работен однос во банката, согласно формата и содржината на податоците пропишана во образецот ОД32 кој е даден во Прилог 1 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Во однос на член 2 став (3) точка 5) од овој правилник, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставаат податоци за лицата кои имаат лиценца за осигурителен брокер и кои се вработени со редовен работен однос во осигурително брокерското друштво, согласно формата и содржината на податоците пропишана во образецот ОБД3 кој е даден во Прилог 2 од овој правилник и е негов составен дел.

Правни и економски односи од членот 141 став (2) од Законот

Член 8

(1) Во однос на член 2 став (3) точка 3) од овој правилник, осигурително брокерските друштва се должни Агенцијата да ја известуваат за секој договор за вршење осигурително брокерски работи склучен со друштвата за осигурување согласно кој осигурително брокерското друштво има право на посебна или повисока провизија за посредување за склучување на договори за осигурување за одделна класа на осигурување или за одделно друштво за осигурување.

(2) Во прилог кон известувањето од став (1) на овој член, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да го доставаат договорот во рок од 5 дена од денот на негово склучување.

(3) Осигурително брокерските друштва се должни Агенцијата да ја известуваат и за секоја измена на склучениот договор од став (1) на овој член, како и за негово раскинување во рок од 5 дена од денот на измената, односно раскинувањето.

Член 9

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 6 и став (3) точка 6 од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставаат годишни неревидирани финансиски извештаи изготвени во согласност со Законот за трговски друштва најдоцна до 1 март во тековната година, за претходната деловна година.

Извештај за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување

Член 10

(1) Осигурително брокерските друштва кои на своја сметка вршат наплата на премија за осигурување, се должни на континуирана основа да водат интерна евиденција и контрола за бројот на склучени договори за осигурување и за износот на наплатената и пренесената премија за осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот – ОБД4, кој е даден во ПРИЛОГ 2 кон овој правилник со назив СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА и кој е негов составен дел .

(2) Осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да го составуваат образецот ОБД4 наведен во став (1) од овој член согласно Упатството за пополнување на образецот кое е дадено во ПРИЛОГ 3 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Во однос на членот 2 став (3), точка 8, осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување, еднаш месечно, најдоцна до последниот работен ден во месецот за претходниот месец за бројот на склучени договори за осигурување и за износот на наплатената и пренесената премија за осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот – ОБД5 кој е даден во ПРИЛОГ 2 кон овој правилник со назив СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА кој е негов составен дел.

(4) Осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да го составуваат образецот ОБД5 наведен во став (3) од овој член согласно Упатството за пополнување на образецот кое е дадено во ПРИЛОГ 3 од овој правилник и кој е негов составен дел.

Прецизирање на формата на доставување на документацијата потребна за спроведување на правилникот

Член 11

(1) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни документацијата која ја доставуваат во прилог кон известувањето, а која е наведена во овој правилник, да ја доставаат во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишана од овластено лице или од соодветниот надлежен орган. Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен судски преведувач и заверен кај овластено лице нотар.

Доставување на друга документација на барање на Агенцијата
Член 12

(1) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни на барање на Агенцијата да доставаат и други информации и документи потребни за спроведување супервизија врз работењето на друштвото, односно вршење на други надлежности од страна на Агенцијата.

Преодни и завршни одредби
Член 13

(член 11 од Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 56/12)

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" освен одредбите од членот 2 ставови (2) и (3) од овој правилник кои ќе започнат да се применуваат при изготвување на извештаите со состојба на 30 јуни 2012 година.

(член 10 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 189/14)

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од известувањето на осигурително брокерските друштва за работењето во месец јануари 2015 година.

(член 7 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/16)

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(член 6 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 13/18)

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе почне да се применува од известувањето на осигурително брокерските друштва за работењето во месец февруари 2018 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

Бр. 0201-1088/3 од 18.04.2012 година,
Бр.02-554 од 14.08.2014 година
Бр.02-298/8 22.03.2016 година

Претседател на Советот на експерти
д-р Климе Попоски

Бр. 02 - 21/5 од 5.1.2018 година

ПРИЛОГ 1 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ И БАНКИТЕ ШТО ВРШАТ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

ОД31 - Структура и обем на извршени работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување

ОД32 - Вработени лиценцирани застапници

ПРИЛОГ 2 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА

ОБД1 и ОБД2 - Структура и обем на извршени осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување

ОБД3 - Вработени лиценцирани осигурителни брокери

ОБД4 - Извештај за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување

ОБД5 - Известување на Агенцијата за супервизија на осигурување за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување

ПРИЛОГ 3 – УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ОД31, ОБД1, ОБД2, ОБД4, и ОБД5

ПРИЛОГ 1 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ И БАНКИ ШТО ВРШАТ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

ОДЗ1 - Структура и обем на извршени работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување

Друштво за застапување во осигурување:	*(назив на друштво)*
Година:	*(тековна година)*
Период:	*(период)*
Друштво за осигурување:	*(друштво за осигурување)*

Образец: одз1

		Број на договори	Премија	Реализирана провизија	Пресметана провизија
		100	200	300	400
Осигурување од незгода	01				
Здравствено осигурување	02				
Осигурување на патнички возила - КАСКО	03				
Осигурување на шински возила-КАСКО	04				
Осигурување на воздухоплови - КАСКО	05				
Осигурување на пловни објекти - КАСКО	06				
Осигурување на стока во превоз	07				
Осигурување на имот во пожар и некои други опасности	08				
Останати осигурувања на имоти	09				
Осигурување од автомобилска одговорност	10				
Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	11				
Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти	12				
Останати осигурувања од одговорност	13				
Осигурување на кредити	14				
Осигурување на гаранции	15				
Осигурување од финансиски загуби	16				
Осигурување на правна заштита	17				
Осигурување на туристички услуги	18				
Осигурување на живот	19		0	0	0
основно	19.01				
дополнително	19.02				
рентно	19.03				
Осигурување на брак или породување	20				

Осигурување на живот во врска со удели во инвест. фондови	21				
Осигурување на тонтина	22				
Осигурување на средства за капитал	23				
ВКУПНО			**0**	**0**	**0**

ОД32 - Вработени лиценцирани застапници

Образец: одз2

Друштво за застапување во осигурување / Банка: *(назив на друштво)*

(тековна година)

Година:

Период: *(период)*

Адреса:

Тел:

Факс:

E-mai:

Веб страна:

Број на вработени (ВКУПНО):

Број на вработени лиценцирани застапници:

Име и презиме на лиценциран застапник кој има овластување да ги потпишува извештаите:

1.
2.

Подружници на друштвото

	Седиште	Број на вработени	Одговорно лице
1. *(назив на подружница)*			
2. *(назив на подружница)*			
....			

ПРИЛОГ 2 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА
ОБД1 и ОБД2 - Структура и обем на извршени осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување

почетна

Осигурително брокерско друштво *(назив на друштво)*

Година: *(тековна година)*

Период: *(период)*

Друштво за осигурување:

Образец: обд1

		Број на договори	Премија	Реализирана провизија	Пресметана провизија
		100	200	300	400
Осигурување од незгода	01				
Здравствено осигурување	02				
Осигурување на патнички возила - КАСКО	03				
Осигурување на шински возила-КАСКО	04				
Осигурување на воздухоплови - КАСКО	05				
Осигурување на пловни објекти - КАСКО	06				
Осигурување на стока во превоз	07				
Осигурување на имот во пожар и некои други опасности	08				
Останати осигурувања на имоти	09				
Осигурување од автомобилска одговорност	10				
Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови	11				
Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти	12				
Останати осигурувања од одговорност	13				

Осигурување на кредити	14				
Осигурување на гаранции	15				
Осигурување од финансиски загуби	16				
Осигурување на правна заштита	17				
Осигурување на туристички услуги	18				
Осигурување на живот	19		0	0	0
основно	19.01				
дополнително	19.02				
рентно	19.03				
Осигурување на брак или породување	20				
Осигурување на живот во врска со удели во инвест. фондови	21				
Осигурување на тонтина	22				
Осигурување на средства за капитал	23				
ВКУПНО			**0**	**0**	**0**

Образец: обд2

		Број на договори	Реализирана провизија
		100	300
Посредување во договарање на осигурително покритие	1	0	0
Посредување во договарање на реосигурително покритие	2		
Посредување во продажба и/или продажба на оштетени предмети кои за време на процесот на ликвидација на штетата станале сопственост на друштвото на осигурување	3		
Преземање мерки за спречување или елиминирање ризици на кои се изложени осигурениот имот и лица	4		
Процена и снимање на ризик кој се однесува на осигурениот објект	5		
Извршување на други интелектуални и технички услуги	6		

кои се однесуваат на операциите на осигурување			
ВКУПНО		**0**	**0**

Образец: обд 3

почетна

Осигурително брокерско друштво *(назив на друштво)*

Година: *(тековна година)*

Период: *(период)*

Адреса:

Тел:

Факс:

E-mai:

Веб страна:

Број на вработени (ВКУПНО):

Број на вработени лиценцирани брокери:

Име и презиме на двајца лиценцирани брокери кои имаат овластување да ги потпишуваат извештаите:

1.

2.

Подружници на друштвото

	Седиште	Број на вработени	Одговорно лице
1. *(назив на подружница)*			
2. *(назив на подружница)*			
....			

Образец: обд 4

Осигурително брокерско друштво *(назив на друштво)*

Година: *(тековна година)*

Месец: *(период)*

Образец: обд4

РБ	Назив на друштвото за осигурување	Број на полиса	Датум на почеток на осигурувањето	Датум на крај на осигурувањето	Износ на бруто полисирана премија	Начин на плаќање	Износ на наплатена премија (во МКД)	Датум на наплата на премијата	Износ на премија која е пренесена во друштвото за осигурување (во МКД)	Датум на пренос на премијата во друштвото за осигурување	Основ за извршениот пренос (бр. на документ)	Датум на документот за пренос на наплатената премија
100	200	300	400	500	600	700	800	900	1000	1100	1200	1300

Образец обд 5

Осигурително брокерско друштво *(назив на друштво)*

Година: *(тековна година)*

Месец: *(период)*

Образец: обд5

РБ	Назив на друштвото за осигурување	Број на договори	Износ на наплатена премија	Износ на пренесена премија
100	200	300	400	500

ПРИЛОГ 3

У п а т с т в о
за пополнување на обрасците ОДЗ1, ОБД1, ОБД2, ОБД4, и ОБД5

I. Упатство за пополнување на образецот ОДЗ1

1. Општи одредби
Друштвото за застапување во осигурување и банката најпрво ги пополнува бараните податоци од страната ОДЗ Почетна и истата ја доставува до Агенцијата заедно со останатите обрасци.

Друштвото за застапување во осигурување и банката треба да го пополни образецот ОДЗ1 за секое друштво за осигурување за коешто врши работи на застапување во осигурување, односно треба да ја пополни табелата од секој работен лист означен како ОДЗ (назив на друштво).

Податоците во образецот ОДЗ1 се внесуваат на кумулативна квартална основа, за следниот период:
I квартал 01.01 - 31.03
II квартал 01.01 - 30.06
III квартал 01.01 - 30.09
IV квартал 01.01 - 31.12

2. Упатство за пополнување на образецот ОДЗ1

100. **Број на склучени договори** – се внесува бројот на договори за осигурување што се склучени во кварталот (по однос на нови клиенти или обновени договори). Во овој параметар не влегуваат склучените договори во кварталот коишто биле сторнирани или прекинати во истиот период.

Ако се склучува колективно осигурување и се издава само една полиса, тогаш се брои само еднаш.

Доколку договорот покрива осигурени настани по однос на различни класи на осигурување, тогаш договорот се внесува во секоја класа на осигурување, согласно поделбата на класите на осигурување од овој образец.

Кај осигурувањето на живот, на пример, доколку е издадена само една полиса за мешано

осигурување којашто вклучува дополнително осигурување од смрт како последица на незгода, тогаш овој параметар треба да се прикаже на следниот начин: се впишува 1 во 1901, 1 во 1902 и 1 во 19. Доколку е издадена само една полиса за осигурување на живот со доплата за осигурување од незгода и доброволно здравствено осигурување, тогаш овој параметар треба да се прикаже на следниот начин: се впишува 1 во 191, 2 во 1902 и 1 во 19.

Агрегираниот износ на овој параметар збирно за сите класи на осигурување претставува број на склучени договори, без разлика дали полисата покрива ризици од една или повеќе класи на осигурување.

200. Бруто полисираната премија – се внесува:
- за неживотно осигурување, сите износи на премија (во илјади денари) кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период (и кои се однесуваат на целото времетраење на договорот за осигурување), без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период.
- за осигурување на живот, сите износи на премија (во илјади денари) кои се доспеани (врз основа на одредбите од договорот за осигурување) во тековниот пресметковен период во однос на сите склучени договори за осигурување. Бруто полисираната премија за осигурување на живот вклучува: еднократно платена премија по договори за осигурување кои влегле во сила во текот на пресметковниот период или е рата на премија која доспеала за наплата во текот на пресметковниот период во случај кога согласно договорот за осигурување е договорено повеќекратно плаќање на премијата.

300.Реализирана провизија – се внесува износот на надоместоци во кварталот (во илјади денари) коишто друштвото за застапување во осигурување и банката ги примило или ги побарува од друштвото за осигурување, согласно договорот со кој друштвото за застапување во осигурување и банката вршат работи на посредување.

400.Пресметана провизија – се внесува износот на надоместоци во кварталот (во илјади денари) коишто друштвото за застапување во осигурување и банката би ги остварило согласно договорот со кој друштвото за застапување во осигурување и банката врши работи на посредување, под претпоставка дека премијата ќе биде уредно наплатена во договорениот рок.

II. Упатство за пополнување на образецот ОБД1, ОБД2, ОБД4, и ОБД 5

1. Општи одредби

Осигурително брокерското друштво најпрво ги пополнува бараните податоци од страната ОБДПочетна и истата ја доставува до Агенцијата заедно со останатите обрасци.

Осигурително брокерското друштво треба да ги пополни обрасците ОБД1 и ОБД2 за секое друштво за осигурување и/или реосигурување за коешто врши осигурително брокерски работи, односно треба да ги пополни табелите од секој работен лист означен како ОБД назив на друштво.

Податоците во обрасците ОБД1 и ОБД2 се внесуваат на кумулативна квартална основа, за следниот период:

I квартал	01.01 - 31.03
II квартал	01.01 - 30.06
III квартал	01.01 - 30.09
IV квартал	01.01 - 31.12

Податоците во образецот ОБД4 се внесуваат на месечна основа, за следните периоди:

01.01-31.01	01.05-31.05	01.09-30.09
01.02-28.02	01.06-30.06	01.10-30.10
01.03-31.03	01.07-31.07	01.11-30.11
01.04-30.04	01.08-31.08	01.12-31.12

2. Упатство за пополнување на обрасците ОБД1 и ОБД2

100. Број на склучени договори – се внесува бројот на договори што се склучени во кварталот (по однос на нови клиенти или обновени договори). Во овој параметар не влегуваат склучените договори во кварталот коишто биле сторнирани или прекинати во истиот период.

Ако се склучува колективно осигурување и се издава само една полиса, тогаш се брои само еднаш.

Доколку договорот покрива осигурени настани по однос на различни класи на осигурување, тогаш договорот се внесува во секоја класа на осигурување, согласно

поделбата на класите на осигурување од овој образец.

Кај осигурувањето на живот, на пример, доколку е издадена само една полиса за мешано осигурување којашто вклучува дополнително осигурување од смрт како последица на незгода, тогаш овој параметар треба да се прикаже на следниот начин: се впишува 1 во 1901, 1 во 1902 и 1 во 19. Доколку е издадена само една полиса за осигурување на живот со доплата за осигурување од незгода и доброволно здравствено осигурување, тогаш овој параметар треба да се прикаже на следниот начин: се впишува 1 во 191, 2 во 1902 и 1 во 19.

Агрегираниот износ на овој параметар збирно за сите класи на осигурување претставува број на склучени договори, без разлика дали полисата покрива ризици од една или повеќе класи на осигурување.

200. Бруто полисираната премија се внесува:
- за неживотно осигурување, сите износи на премија (во илјади денари) кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период (и кои се однесуваат на целото времетраење на договорот за осигурување), без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период."

- за осигурување на живот, сите износи на премија (во илјади денари) кои се доспеани (врз основа на одредбите од договорот за осигурување) во тековниот пресметковен период во однос на сите склучени договори за осигурување. Бруто полисираната премија за осигурување на живот вклучува: еднократно платена премија по договори за осигурување кои влегле во сила во текот на пресметковниот период или е рата на премија која доспеала за наплата во текот на пресметковниот период во случај кога согласно договорот за осигурување е договорено повеќекратно плаќање на премијата.

300.Реализирана провизија – се внесува износот на надоместоци во кварталот (во илјади денари) коишто Осигурителното брокерско друштво ги примило или ги побарува од Друштвото за осигурување, согласно договорот со кој Осигурителното брокерско друштво врши работи на посредување.

400.Пресметана провизија – се внесува износот на надоместоци во кварталот (во илјади денари) коишто Осигурителното брокерско друштво би ги остварило согласно договорот со кој Осигурителното брокерско друштво врши работи на посредување, под претпоставка дека премијата ќе биде уредно наплатена во договорениот рок.

3. Упатство за пополнување на образецот ОБД4

Опис на редовите

Во редовите се внесуваат податоци за секоја полиса за осигурување за која осигурително брокерското друштво: а. полисирало; б. наплатило; и в. пренело премија за осигурување во текот на месецот за кој известува.

За секоја полиса се креира посебен ред.

Бројот на редови во извештајот ќе зависи од бројот на полисите за осигурување.

На пример, доколку во месецот е склучена полиса за осигурување со бруто полисирана премија од 1.000 денари, а истата не е наплатена податоци треба да се внесат само во колоните: (100), (200), (300), (400), (500), (600) и (700) од табелата, додека полињата (800), (900), (1000), (1100), (1200) и (1300) не се пополнуваат. Доколку во месецот е наплатена премија, покрај во колоните од (100) до (700), податоци се внесуваат и во колоните (800) и (900). Доколку во месецот е пренесена премија на друштвото за осигурување кое ја издало полисата, тогаш се внесуваат податоци во сите колони од образецот.

За една полиса се известува се додека осигурително брокерското друштво има обврска за наплата и пренос на премијата за осигурување.

Опис на колоните

200. Назив на друштвото за осигурување се внесува друштвото за осигурување кое ја издало полисата за осигурување.

300. Број на полиса се внесува бројот на полиса одреден од друштвото за осигурување кое ја издало полисата за осигурување.

400. Датум на почеток на осигурувањето се внесува датумот на почеток на осигурувањето наведен во полисата за осигурување.

500. Датум на крај на осигурувањето се внесува датумот на крај на осигурувањето наведен во полисата за осигурување.

600. Износ на бруто полисирана премија се внесува договорената премија за осигурување наведена на полисата за осигурување, искажана во денари.

700. Начин на плаќање се внесува договорениот начин на плаќање на премијата по полисата на начин, и тоа: во целост или на рати.

800. Износ на наплатена премија се внесува наплатениот износ на премија за осигурување од соодветната полиса за осигурување, искажан во денари.

900. Датум на наплата се внесува датумот на плаќањето на премијата од страна на договорувачот на осигурувањето, односно лицето кое има интерес премијата по соодветната полиса за осигурување да биде платена.

1000. Износ на премија која е пренесена во друштвото за осигурување се внесува износот во денари кој е пренесен од страна на осигурително брокерското друштво на сметка на друштвото за осигурување кое ја издало соодветната полиса.

1100. Датум на пренос се внесува датумот на пренос на наплатениот износ од страна на осигурително брокерското друштво на сметка на друштвото за осигурување кое ја издало соодветната полиса.

1200. Основ за пренос на наплатената премија се внесува бројот на фактура, бројот на спецификација, бројот на договор за компензација/цесија врз основа на кој осигурителното брокерско друштво има обврска да ја пренесе наплатената премија на сметка на друштвото за осигурување.

1300. Датум на документот за пренос на наплатената премија се внесува датумот на прием на документот наведен во колоната (1200) од страна на осигурително брокерското друштво.

4. Упатство за пополнување на образецот ОБД5

Опис на редовите

Во редовите се внесуваат збирни податоци за секое друштво за осигурување одделно.

За секое друштво за осигурување се креира посебен ред.

Бројот на редови во извештајот ќе зависи од бројот на друштва за осигурување за кои осигурително брокерското друштво склучило договори за осигурување, наплатило и пренело премија.

Опис на колоните

200. Назив на друштвото за осигурување се внесува друштвото за осигурување.

300. Број на договори се внесува вкупниот број на склучени договори во месецот.

400. Износ на наплатена премија се внесува вкупниот износ на наплатена премија во месецот по полиси за осигурување издадени од друштвото за осигурување.

500. Износ на пренесена премија се внесува вкупниот износ на пренесена премија во месецот по полиси за осигурување издадени од друштвото за осигурување.